Gmail [redacted]

# Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер

1 message

[redacted] Fri, Dec 1, 2023 at 11:21 AM

Почитувани,

Во прилог на оваа електронска порака, Ви доставувам барање за слободен пристап до информации од јавен карактер. Замолувам за Ваш одговор по истото во рамки на законски определениот рок согласно ЗСПИЈК.

Доколку имате какви било нејасностии околу барањето или Ви е потребно дополнително појаснување, а во интерес на навремено обезбедување информации од Ваша страна, можете да ме контактирате на 071/646-420 или на оваа е-маил адреса.

Со почит,
Милка Докузова

**Барање - Основен суд Прилеп - 01122023.pdf**
65K

**До:**

**Агенција за заштита на правото**
**на слободен пристап до информации од јавен карактер**
бул. Гоце Делчев бр. 18, Скопје

**Од:**

[redacted]

**ПРЕДМЕТ:**

**ЖАЛБА поради непостапување по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер од страна на Основен суд Прилеп**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, на ден 01.12.2023 година доставив Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информацијата – Основен суд Прилеп, по електронски пат, на е-маил адресите наведени за контакт при посредување со информации од јавен карактер.

Заклучно со денот на доставување на оваа жалба:

1. Имателот на информацијата **се нема произнесено во врска со барањето на слободен пристап до информација од јавен карактер во рамки на законски определениот временски рок**;
2. Имателот на информацијата не доставил појаснување за исклучок од слободен пристап на информацијата согласно членот 6;
3. Имателот на информацијата нема одговорено дали одлучувал по барањето согласно член 14 или дали барањето е одбиено согласно член 25.

**Прилог:**

1. Барање за пристап до информации од јавен карактер од 01.12.2023 година во електронска форма (проследено во целост на оваа електронска адреса).

**За постапувањето по оваа ЖАЛБА и преземаните службени дејствија Ве молам да ме известите на писмено на оваа електронска адреса.**

**Со почит,**

[redacted]

(Образец ПП___)

**До:**
**Основен суд Прилеп**
(Имател на информацијата)

# БАРАЊЕ
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

**Од:**

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

**За потребите на истражувањето „Проценка на влијанието на употребата на Законот за заштита и благосостојба на животните: Вклучување на сите засегнати чинители во процесот на инклузивно создавање на јавни политики преку достапните механизми за носење на законите" Ве молиме да ни ги доставите следните информации:**

1. Колку правосилни пресуди се донесени во вашиот суд по член 233 („Убивање и мачење животни") од Кривичниот законик во периодот од 01.01.2019 до 01.12.2023 година? Ве молам овие информации да ми ги доставите табеларно, по години. Пример:

| **Година** | **Број на пресуди по член 233 од КЗ** |
|---|---|
| 2019 | |
| 2020 | |
| 2021 | |
| 2022 | |
| 2023 | |

2. Во колку од горенаведените пресуди бил осуден сторителот, односно сторителите, а во колку била донесена ослободителна пресуда?
3. Ве молам да ми ги доставите електронските копии/записи од сите пресуди по член 233 („Убивање и мачење животни") од Кривичниот законик за 2019, 2020, 2021, 2022 и 2023 година, заклучно со денот на доставување на ова барање, односно 01.12.2023 година.
4. Ве молам за информација за тоа колку постапки се во тек односно се водат во моментот по член 233 („Убивање и мачење животни") од Кривичниот законик?

**Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:**

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) <u>електронски запис</u>**
- д) друго

**Начин на доставување на информацијата:**

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) <u>е-маил</u>**
- д) друго ________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

**Правна поука:** Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Датум**
01.12.2023 година

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

roundcube

Назад Пиши ново ... Врати Одговори Препра Избриши Премести Испечати Означи Повеќе

**Примени**
Непратени
Пратени
Ѓубре
Корпа

## Жалба 08-453

Писмо 4 од 3648

Од **Makfirete**
Примач **info@osprilep.mk**
Датум **29.12.2023 10:52**

Gmail - Барање за слободе...
Жалба до АСПИ - Основен ...
Барање - Основен суд При...

Почитувани,

До Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер доставена е Жалба заведена под бр.08-453 на 28.12.2023 година, од Барателот на информации

против Имателот на информации Основен суд Прилеп.

Согласно член 107 став 1 од Законот за општата управна постапка, во прилог Ви ја доставуваме предметната Жалба, со целокупниот пропратен материјал, со цел во рок од 7 дена од денот на приемот да се произнесете по истата и да ја доставите целокупната документација со која располагате, во врска со предметната Жалба.

Со почит,

**Агенција за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер**
Бул. "Гоце Делчев" бр.18
1000 Скопје, Република Македонија
Тел: +389 (02) 3127 453
Факс: + 389 (02) 3118 038
веб страна: www.aspi.mk

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА!

ОСНОВНИОТ СУД ВО ПРИЛЕП од судијата поединец [redacted] со записничарот [redacted] постапувајќи во кривичниот предмет оформен по обвинителниот предлог Ко.бр.67/21 од 09.03.2021 година на Основното јавно обвинителство Прилеп, поднесен против обвинетиот [redacted] за кривично дело „Мачење животни" од чл.233 од Кривичниот законик, по усната, јавна и главна расправа одржана на ден 12.05.2022 година во присуство на застапникот на обвинението – јавниот обвинител [redacted] обвинетиот со неговиот бранител - адвокат [redacted] и оштетениот [redacted] со неговиот полномошник - адвокат [redacted] ја изрече и објави следната:

П Р Е С У Д А

ОБВИНЕТИОТ

[redacted]

В И Н О В Е Н  Е

ЗАТОА ШТО

На ден 15.11.2020 година околу 19,30 часот на ул:„Панко Брашнаров" бр.44 во Прилеп, без никаков повод и причина со тврд дрвен предмет со рачка од лопата два пати го удрил кучето мажјак од расата „лабрадор ретривер" со црна боја на возраст од 10 години во пределот на грбот и слабинискиот дел, сопственост на оштетениот [redacted] кое го носел на прошетка врзано со поводник, од кои удари се скршила рачката, со што на животното му нанесол повреди во слабинскиот и карличниот дел во вид на отоци, на каков начин го изложил на непотребни маки и му нанел непотребни болки.

Со наведените дејствија обвинетот сторил кривичното дело „Мачење животни" од чл.233 од Кривичниот законик, согласно на кои одредби, како и одредбите од чл. 4, 7, 11, 32, 33, 34, 35, 39 и чл. 48, 48-а, 49 и 50 од истиот законик, МУ СЕ ИЗРЕКУВА алтернативна мерка

У С Л О В Н А  О С У Д А

НА ОБВИНЕТИОТ [redacted] МУ СЕ УТВРДУВА казна затвор во траење од 3 /ТРИ/ месеци , која што нема да се изврши доколку истиот во рок од 1 /една/ година и 6 /шест/ месеци не стори ново кривично дело.

СЕ ЗАДОЛЖУВА обвинетиот на име кривичен паушал да плати паричен износ од 2.000,00 денари на буџетска сметка број 100000000063095, сметка на буџетски корисник 2901000884631-17 и приходна шифра 724132-20, - во рок од 15 дена по правосилноста на пресудата.

СЕ ЗАДОЛЖУВА обвинетиот да му ги надомести на оштетениот [redacted] од Прилеп, трошоците за застапување од страна на неговиот полномошник - адвокат [redacted] од Прилеп во вкупен износ од 32.500,00 денари, - во рок од 15 дена по правосилноста на пресудата.

СЕ УПАТУВА НА СПОР оштетениот [redacted], за остварување на имотно правно барање за надомест на штета.

Образложение

Основното јавно обвинителство Прилеп, до овој суд поднесе обвинителен предлог Ко.бр.67/21 од 09.03.2021 година против обвинетиот [redacted] за кривично дело „Мачење животни" од чл.233 ст.1 од Кривичниот законик.

На почетокот на главната расправа, застапникот на обвинението наведе дека останува во се исто како во обвинителниот предлог, со предложените докази, но во текот на постапката пред завршување на доказната постапка изврши измена во диспозитивот на обвинителниот предлог.

На записник од 15.02.2022 година, оштетениот [redacted] и неговиот полномошник – адвокат [redacted] со заменичко полномошно од адвокат [redacted] од Прилеп, секој посебно кажаа дека предјавуваат имотно правно барање без да го прецизираат истото, поради што за истото предложија да бидат упатени на граѓанска парница.

Откако изјави дека разбрал за што се обвинува и повикан да се произнесе за обвинението, на почетокот на главната расправа обвинетиот Јован Макрески изјави дека не се чувствува виновен за кривичното дело што му се става на товар.

Во својот завршен збор, застапникот на обвинението му предложи на судот обвинетиот да го огласи за виновен и со оценка на сите околности од чл.39 од КЗ да му изрече кривична санкција со која ќе биде постигната целта на казнувањето, затоа што од изведените докази во текот на главната расправа и тоа исказот на оштетениот, исказот на сведокот [redacted], мислењето на вештото лице [redacted], неспорно се утврдило дека критичниот ден обвинетиот му нанесол телесни повреди на кучето, со што го изложил на непотребни маки и болки.

Полномошникот на оштетениот – адвокат [redacted] во нејзиниот завршен збор кажа дека се приклучува кон завршниот збор на застапникот на обвинението, потврдувајќи го предјавеното имотно правно барање.

Побара трошоци по приложен писмен трошковник.

Во неговиот завршен збор, оштетениот [redacted] кажа дека се приклучува кон завршниот збор на неговиот полномошник.

Бранителот на обвинетиот - адвокат [redacted], во неговиот завршен збор му предложи на судот да донесе одлука со која обвинетиот се ослободува од обвинение, затоа што од изведените докази во текот на главната расправа со ниту еден материјален доказ не се докажала основаноста на кривичното дело кое му се става на товар. Наведе дека од исказите на сведоците [redacted] и [redacted] надополнети со исказот на обвинетиот [redacted], несомнено се докажало дека обвинетиот не превзел никакво дејствие на удирање на кучето, ниту истото го повредил на некој начин, туку сите искази се надополнувале еден со друг и биле јасни и децидни дека сведокот [redacted] после водењето на кучето си заминал дома. Нагласи и дека исказите на оштетениот Томе [redacted] и сведокот [redacted] биле контрадикторни еден со друг, затоа што по изјавата на едниот од нив кучето било удрено со дршка од лопата, а по изјавата на другиот со летва, како и дека потврдата за настанатите повреди од ветеринарната клиника „Дамески Ветеринар" била издадена после 4 дена од настанот, поради што се поставувало прашање дали евентуално повредите кои ги имало кучето се од кривично правно правниот настан.

Побара трошоци по приложен писмен трошковник.

Обвинетиот [redacted], во неговиот завршен збор наведе дека се приклучува кон завршните зборови на неговите бранители.

На одржаната усна, јавна и главна расправа судот ги провери наводите од обвинителниот предлог, изведувајќи ги предложените докази со директно испитување на оштетениот [redacted] и на сведокот [redacted] од страна на застапникот на обвинението и вкрстено испитување на сведокот [redacted] од страна на

бранителот на обвинетиот, со директно испитување на сведокот [redacted] и на сведокот [redacted] од страна на бранителот на обвинетиот, со вкрстено испитување на сведокот [redacted] од страна на полномошникот на оштетениот и на сведокот [redacted] од страна на застапникот на обвинението, со директно испитување на вештото лице Д-р [redacted] од страна на застапникот на обвинението и од страна на полномошникот на оштетениот, како и негово вкрстено испитување од страна на бранителот на обвинетиот, со читање на мислење бр.03-170/2020 од 19.11.2020 година на ветеринарна клиника „Дамески ветерина" Прилеп, известување рег.бр.22.22.6.1-04/8338 од 18.11.2020 година на МВР СВР-ОВР Прилеп и листа од казнена евиденција на Основен суд Прилеп на име на обвинетиот од 08.02.2021 година, како и со директно испитување на обвинетиот [redacted] од страна на неговиот бранител и негово вкрстено испитување од страна на застапникот на обвинението, па по оценката на секој од доказите посебно и на сите заедно како една целина, ја утврди следната **фактичка состојба**:

Обвинетиот [redacted] е лице кое живее во Прилеп, на ул.„Панко Брашнаров" бр.44 во Прилеп. Негов сосед е оштетениот [redacted], кој живее во куќа на друга улица, на растојание од околу 5-6 куќи од куќата на обвинетиот, каде живее и неговиот син – сведокот [redacted]. Непосреден сосед на обвинетиот [redacted] е сведокот [redacted], чија куќа е прилепена до куќата на обвинетиот.

Оштетениот [redacted] е сопственик на куче мажјак од расата „лабрадор ретривер" со црна боја, кое често го шетал наутро и навечер врзано со поводник, а некогаш кучето било шетано и од страна на сведокот [redacted].

Кучето со црна боја од расата „лабрадор ретривер", оштетениот [redacted] го шетал и на ден 15.11.2020 година, кога истото имало околу десетина години. Шетајќи го кучето врзано со поводник, оштетениот околу 19,30 часот на истиот датум поминувал на тротоарот пред оградата од дворното место на куќата на обвинетиот [redacted], кој во тоа време се наоѓал во дворот. Во тој момент, обвинетиот [redacted] без никаков повод и причина, пресигнувајќи се преку оградата со тврд дрвен предмет – дрвена рачка од лопата која ја држел во рацете, два пати го удрил кучето во пределот на грбот и слабиниските дел. Од ударите врз кучето се скршила дрвената рачка, а кучето потоа не можело да се движи и останало да лежи на тротоарот пред куќата на обвинетиот.

Поради тоа, оштетениот [redacted] телефонски го повикал неговиот син – сведокот [redacted], кој носејќи количка со себе набрзо пристигнал на местото на настанот. Двајцата го ставиле кучето во количката која ја донесол сведокот [redacted] и со истата го однесле дома, а настанот го пријавиле во ОВР ПС-ОН Прилеп. Во врска со поднесената пријава на настанот, од страна на ПС-ОН Прилеп биле преземени мерки и активности за реализирање на пријавениот настан, по што обвинетиот [redacted] бил и усно предупреден од полициските службеници.

Со ваквите дејствија, обвинетиот [redacted] на кучето сопственост на оштетениот му нанесол повреди во слабинскиот и карличниот дел во вид на отоци и го изложил на непотребни маки, нанесувајќи му непотребни болки. Наведените повреди биле констатирани од страна на вештото лице Д-р [redacted], кој на ден 17.11.2020 година извршил преглед врз кучето, кое што оштетениот [redacted] го донесол во ветеринарната клиника на вештото лице.

Предвид на вака утврдената фактичка состојба, судот одлучи како во изреката на пресудата поради следните **причини**:

Сторител на кривичното дело „Мачење животни" од чл.233 ст.1 од Кривичниот законик е тој што грубо злоупотребува животно или го изложува на непотребни маки или му нанесува непотребни болки или заради изживување го изложува на страдање. За истиот е предвидена парична казна или казна затвор до 1 година.

Како што е наведено во обвинителниот предлог, обвинетиот [redacted] во наведените време и место со дрвена рачка од лопата два пати го удрил во пределот на грбот и слабиниските дел кучето во сопственост на оштетениот [redacted], со што му нанесол повреди во слабинскиот и карличниот дел во вид на отоци, изложувајќи го на непотребни маки и нанесувајќи му непотребни болки.

Од дел од изведените докази во текот на постапката, судот смета дека се потврдија наводите од поднесеното обвинение во овој случај, односно дека со дејствијата кои презел обвинетиот [redacted] му нанесол повреди на кучето и истото го изложил на

непотребни маки и му нанесол непотребни болки.

Имено, од исказот на оштетениот [redacted] се утврди дека кога на ден 15.11.2020 година шетајќи го кучето поминувал на тротоарот пред оградата од дворното место на куќата на обвинетиот [redacted], обвинетиот пресигнувајќи се преку оградата од дворното место, со дрвена рачка од лопата која ја држел во рацете два пати го удрил кучето во пределот на грбот и слабинискиот дел, како и дека од ударите дрвената рачка се скршила, додека кучето не можејќи да се движи останало да лежи на тротоарот.

Ваквата состојба произлезе и од исказот на сведокот [redacted], како и од ветеринарната потврда издадена од страна на Д-р [redacted] на 18.11.2020 година, но и од неговиот устен наод и мислење даден на главната расправа. Од исказот на оштетениот [redacted] и исказот на свеокот [redacted], се утврди дека по удирињето на кучето од страна на обвинетиот, оштетениот [redacted] телефонски го повикал сведокот [redacted] кој отишол на местото на настанот носејќи количка, по што двајцата го ставиле кучето во количка со која го однесле дома, како и дека настанот бил пријавен во ОВР ПС-ОН Прилеп.

Тоа дека настанот бил пријавен во ОВР ПС-ОН Прилеп, несомено произлезе и од увидот во известувањето од 18.11.2020 година на ПС-ОН Прилеп, доствено до оштетениот [redacted] како пријавител на настанот. Од увидот во истото известување, се утври и дека по преземените мерки и активности, обвинетиот [redacted] бил и усно предупреден од страна на полициските службеници.

Последиците од дејствијата на обвинетиот на удирање на кучето со дрвена рачка од лопата, покрај од исказите на оштетениот [redacted] и сведокот [redacted], пред се произлегова од ветеринарната потврда издадена од страна на Д-р [redacted] на 18.11.2020 година и од неговиот устен наод и мислење даден на главната расправа, кој на ден 17.11.2020 година извршил преглед врз кучето. Се утврди дека со таквите дејствија, обвинетиот [redacted] на кучето му нанесол повреди во слабинскиот и карличниот дел во вид на отоци и го изложил на непотребни маки, нанесувајќи му непотребни болки.

Во нивните искази, сведоците [redacted] и [redacted] прикажаа друга слика во однос на предметниот кривично правен настан, наведувајќи дека во критичното време кучето било шетано од страна на сведокот [redacted], како и дека по вербална расправија помеѓу сведокот [redacted] и обвинетиот [redacted] во врска со извршена нужда од страна на кучето на тротоарот пред куќата на обвинетиот, водејќи го со него кучето кое одело и зборувајќи на мобилниот телефон сведокот [redacted] се заканил дека ќе повика полиција и го напуштил местото, а дека обвинетиот [redacted] притоа воопшто не го удрил кучето. Но, имајќи ги во предвид категоричните и јасни искази на оштетениот [redacted] и сведокот [redacted], поткрепени со потврдата и усниот наод и мислење на вештото лице-р [redacted], како и некои прашања кои по изведувањето на доказите се наметнаа во врска со неколку околности, судот истите искази на сведоците [redacted] и [redacted] ги оцени како тенденциозни, дадени со намера на обвинетиот да му се помогне да ја избегне кривично правната одговорност во овој случај.

Пред се, сведокот [redacted] е непосреден сосед на обвинетиот [redacted], чија куќа е прилепена до куќата на обвинетиот и со кој е неспорно дека се пријатели. Според исказите на двајцата, сведокот [redacted] непосредно пред настанот бил во посета на обвинетиот, што несомнено укажува на тоа дека истите се блиски пријатели. Истото може да се каже и за сведокот [redacted], кој во неговиот исказ во врска со учесниците во настанот наведе – „ [redacted] го познавам повеќе од петнаесетина години, ... а [redacted] и [redacted] ги познавам по видување".

Исто така, двајцата сведоци [redacted] и [redacted] во нивните искази наведоа дека додека сведокот [redacted] водејќи го кучето си заминувал од пред дворното место на обвинетиот разговарал на мобилен телефон, по што набрзо на местото пристигнале и полициски службеници, што сугерира од нивна страна дека настанот во ОВР ПС-ОН Прилеп бил пријавен од сведокот [redacted], исклучувајќи го оштетениот [redacted] како можен пријавител и учесник во настанот. Но, како што е наведено погоре, видно од известувањето од 18.11.2020 година на ПС-ОН Прилеп за преземените мерки и активности во врска со пријавениот настан, истото било доставено до оштетениот [redacted] Крстески како пријавител на настанот, а не до сведокот [redacted].

Покрај тоа, нејасно е зошто како лице кое во критичните време и место го шетало кучето би бил наведен оштетениот [redacted], доколку истиот не бил присутен на местото за време на настанот и зошто оштетениот и сведокот би ја негирале евентуалната вербална расправа со обвинетиот, во врска со извршена нужда од страна на кучето пред портата од дворното место на обвинетиот. Дејствијата на обвинетиот [redacted] преземени во однос на кучето, би биле инкриминирани и во случај доколку сведокот [redacted] навистина било лицето кое шетајќи го, го донесол кучето на тротоарот пред дворното место на обвинетиот, како и доколку навистина кучето извршило нужда пред портата на обвинетиот и во врска со тоа настанала вербална расправија помеѓу нив. Сето претходно наведено се однесува и на наводите од одбраната на обвинетиот [redacted], посебно во однос на непреземањето на дејствија од негова страна врз кучето на оштетениот.

Од сето претходно наведено, судот утврди дека во дејствијата на обвинетиот [redacted] од Прилеп содржани се обележјата на кривичното дело „Мачење животни" од чл.233 ст.1 кое што му се става на товар, поради што одлучи како во изреката на оваа пресуда и го огласи за виновен, изрекувајќи му алтернативна мерка - условна осуда.

Со оглед на целите на казнувањето наведени во чл.32 од Кривичниот законик – остварување на правдата, специјалната превенција – превоспитување на обвинетиот и негово спречување да врши кривични дела, како и генералната превенција – воспитно влијание врз другите да не вршат кривично дела, судот одредувањето на видот и одмерувањето на висината на казната во конкретниот случај, го изврши согласно на чл.39 од Кривичниот законик.

Притоа, како отежнувачка околност ја ценеше зачестеноста на сторувањето на овие кривични дела, додека како олеснувачки околности ги ценеше возраста на обвинетиот, тоа што против него не се води постапка за друго кривично дело, неговата досегашна неосудуваност, како и отсуството на потешки последици во конкретниот случај. Поради тоа, судот на обвинетиот му изрече условна осуда, сметајќи дека и со предупредување со закана на казна ќе се постигне целта на казнувањето и дека истата поправно и воспитно ќе делува како на обвинетиот, така и на средината во која живее, во иднина да не се вршат вакви и слични кривични дела.

При донесувањето на одлука, судот ги ценеше и им поклони верба на писмените докази изведени во текот на главната расправа, како на писмена издадени во пропишана форма, во официјална постапка, од надлежни органи и установи и од надлежни службени лица во границите на нивните овластувања и работни задачи.

Судот по оценката му поклони верба на усниот наод и мислење на вештото лице Д-р [redacted] од Ветеринарна клиника „Дамески Ветерина" Прилеп, како наод и мислење на стручно лице со соодветно стручно образование и професионално искуство, кое извршило преглед врз кучето на оштетениот кратко време по настанот.

Освен во деловите кои се однесуваат на просторните и временските околности на настанот, судот по оценката не им поклони верба на исказите на сведоците [redacted], а од причини наведени погоре во образложението на пресудата.

Од истите причини, освен во деловите кои се однесуваат на просторните и временските околности на настанот, судот по оценката не им поклони верба ниту на наводите од одбраната на обвинетиот [redacted], како и наводите од завршниот збор на неговиот бранител – адвокат [redacted].

Одлуката за трошоците судот ја донесе согласно на чл.105 во врска со чл.102 од Законот за кривична постапка и го задолжи обвинетиот на име кривичен паушал да плати износ од 2.000,00 денари. Согласно на наведените членови, судот го задолжи обвинетиот и на оштетениот [redacted] да му ги надомести трошоците за застапување од страна на неговиот полномошник - адвокатот [redacted] од Прилеп во вкупен износ од 32.500,00 денари и тоа износ од по 9.100,00 денари за две застапувања на главната расправа на 15.02.2022 и 12.05.2022 година, со основица од 5.000,00 денари, зголемување од 20% на име саатнина за два часа и зголемување од 30% на име на паушал, износ од 7.800,00 денари за застапување на главна расправа на 30.08.2021 година, со основица од 5.000,00 денари, зголемување од 20% на име саатнина за еден час и зголемување од 30%

на име на паушал, како и износ од 6.500,00 денари за состав на кривична пријава, со основица од 5.000,00 денари и зголемување од 30% на име на паушал.

Имајќи го во предвид неговиот предлог и предлог на неговиот полномошник во врска со тоа, судот согласно на чл.114 од Законот за кривична постапка го упати на спор оштетениот Томе Крстески од Прилеп за остварување на имотно правното барање.

ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП.

ПРАВНА ПОУКА: Рок за жалба 8 дена по приемот на пресудата, преку овој суд, до Апелациониот суд во Битола.

З.К.

Д-но: ОЈО Прилеп, обвинет, бранител, полномошник на оштетен.

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА!

ОСНОВНИОТ СУД ВО ПРИЛЕП преку судијата поединец [redacted], со записничарот [redacted], постапувајќи во кривичниот предмет оформен по обвинителниот предлог Ко.бр.182/17 од 16.05.2017 година на Основното јавно обвинителство Прилеп, поднесен против обвинетиот [redacted] од Прилеп за кривично дело „Мачење животни" од чл.233 ст.1 од Кривичниот законик, по усната, јавна и главна расправа одржана на ден 11.09.2020 година во присуство на застапникот на обвинението – јавниот обвинител [redacted], обвинетиот со неговите бранители - адвокатите [redacted] и [redacted], двајцата од Прилеп и полномошникот на оштетениот [redacted] од Прилеп – адвокат [redacted] од Прилеп, ја изрече и објави следната:

П Р Е С У Д А

ОБВИНЕТИОТ:
[redacted] од татко [redacted] и мајка [redacted], роден на ден 04.05.1942 година во с.Царевиќ - Прилеп, а живее во Прилеп на ул.„Пере Тошев" бр.26, Македонец, државјанин на РСМ, пензионер, женет, татко на две полнолетни деца, писмен со завршено основно образование, средноимотен, неосудуван, не се води постапка за друго кривично дело, со ЕМБГ [redacted].

СЕ ОСЛОБОДУВА ОД ОБВИНЕНИЕ

Да на ден 08.11.2016 година заради изживување ги изложил на страдање и му нанесол непотребни маки, а потоа и смрт на кучиња од кои едното мелез од расата „Шарпланинец" од женски пол, старо околу 3-4 години, сиво-црна боја на влакното, тешко околу 50кг, другото куче мелез од расата „Шарпланинец" од машки пол, старо околу 3 години, со кремасто-бела боја на влакното, тешко околу 50-60кг и едно ловечко куче мелез од расата „Загар" од машки пол, со црно-кафеава боја на влакното, со бело поле на градите, старо околу 1 година и 3 месеци, тешко околу 15кг, сопственост на оштетениот [redacted] од Прилеп, на начин што откако пристигнал во атарот на с.Царевиќ-Прилеп фрлил храна-виршли премачкани со отров „Лантане", од која храна кучињата јаделе и по кратко време пројавиле симптоми на труење изразени во облик на тресење, беспомошност и испуштање на пенлив исцедок од устата, а потоа и починале, со што на оштетениот му нанел материјална штета во вкупен износ од 47.000,00 денари, а со што да сторил кривично дело „МАЧЕЊЕ ЖИВОТНИ" од чл.233 ст.1 од Кривичниот законик, - согласно на чл.403 ст.1 т.3 од Законот за кривична постапка, затоа што тужителот не докажа надвор од разумно сомневање дека обвинетиот го сторил делото за кое се обвинува.

Трошоците направени во текот на постапката на име награда за бранителите на обвинетиот и на име награда за вештото лице во вкупен износ од 148.800,00 денари, - паѓаат на товар на Буџетот на РМ.

На име трошоци за награда за неговиот бранител – адвокат [redacted] од Прилеп, на обвинетиот да му се исплати износ од вкупно 79.300,00 денари од Буџетот на РСМ.

На име трошоци за награда за неговиот бранител – адвокат [redacted] од Прилеп, на обвинетиот да му се исплати износ од вкупно 63.700,00 денари од Буџетот на РСМ.

СЕ УПАТУВА НА СПОР оштетениот [redacted] од Прилеп, за остварување на имотно правно барање за надомест на штета.

О б р а з л о ж е н и е

Основното јавно обвинителство Прилеп, до овој суд поднесе обвинителен предлог Ко.бр.182/17 од 16.05.2017 година против обвинетиот [redacted] од Прилеп за кривично дело „Мачење животни" од чл.233 ст.1 од Кривичниот законик.

На почетокот на главната расправа, застапникот на обвинението наведе дека останува во се исто како во обвинителниот предлог, со предложените докази.

Во својот завршен збор, застапникот на обвинението му предложи на судот обвинетиот да го огласи за виновен и да му изрече кривична санкција определена според закон, со еднаков третман на отежнувачките и олеснувачките околности од чл.39 од КЗ, затоа што од изведените докази во текот на главната расправа се докажало дека обвинетиот го сторил кривичното дело кое што му се става на товар, кое што произлегло од материјалните докази и тоа секциониот протокол и наодот и мислењето на вештото лице [redacted], а се надополнило и од исказот на оштетениот и исказите на сведоците [redacted] и [redacted]. Наведе дека од истите докази неспорно произлегло дека критичниот ден и во наведеното време, кучињата во сопственост на оштетениот биле затруени со отров „ланате", а во однос на исказите на сведоците [redacted], како и на сведокот [redacted], наведе дека во истите постоела контрадикторност за клучните моменти и од страна на наведените сведоци не била поткрепена одбраната.

Полномошникот на оштетениот [redacted] – адвокат [redacted], на почетокот на главната расправа наведе дека предјавуваат имотно правно барање без да го прецизира истото, за кое што предложи да бидат упатени на граѓанска парница. Предјавувањето на имотно правното барање, полномошникот на оштетениот го потврди и во неговиот завршен збор, во кој што наведе и дека комплетно го прифаќа завршниот збор на застапникот на обвинението, дополнувајќи дека е повеќе од очигледна интервенцијата и делувањето на одбраната, врз исказите на сведоците на одбраната, како и предлагајќи му на судот да го има во предвид исказот на сведокот [redacted] кој неспорно се утврдил и од исказот на сведокот [redacted], двајцата очевидци на настанот.

Во неговиот завршен збор, бранителот на обвинетиот адвокат [redacted] од Прилеп, му предложи на судот да донесе ослободителна пресуда, поради тоа што не постоеле докази дека обвинетиот е сторител на кривичното дело кое што му се става на товар. Наведе дека од исказите на сведоците [redacted], [redacted] и [redacted] се утрдило дека критичниот ден истите како група стигнале на критичното место и заедно влегле во црквата во с.Царевиќ, а дека претходно по патот групата се движела компактно и никој од групата не превзел дејствија на фрлање од торбите кои што ги носеле, а сведокот [redacted] бил црециден и дека на гробното место од таткото на сведокот [redacted] не бил присутен никој во критичното време. Во однос на исказите на оштетениот и на сведоците [redacted] и [redacted], посочи неколку нивни контрадикторности од кои една се однесува на тоа што според сведокот [redacted], загарчето го нашол на местото на кое што било паркирано комбето и истото го однесол во дворното место на оштетениот [redacted], додека според исказите на оштетениот и на сведокот [redacted], наведеното куче било починато на самото место. Потоа наведе дека сведокот [redacted] од местото каде што стоел, не можел да види ништо од настанот, а истиот сведок навел дека бил дојден со сопругата, а оштетениот [redacted] навел дека сведокот бил сам. Исто така, бранителот наведе и дека тенденциозноста на пријавувањето на обвиентиот за сторител на кривичното дело, се гледала и од писменото известување на ПС Прилеп, од кое било видливо дека критичниот ден воопшто не бил пријавен никаков настан, туку 8 дена потоа, без посочување на можен сторител на делото.

Бранителот - адвокат [redacted] во завршниот збор дополни и дека од ниту еден доказ во текот на постапката, не се потврдило дека кучињата биле сопственост на оштетенио [redacted], затоа што истите немале некаква маркица или педигре, а судот ќе се

уверел во тенденциозното и невистинито кажување на сведокот [redacted], од исказот на сведокот [redacted] кој навел дека кога заедно со групата во која бил и обвинетиот влегле во црквата, таму веќе се наоѓал сведокот Блаже, како и дека по слегувањето од комбето не забележал присутност кај гробното место од таткото на сведокот Блаже кое знаел каде се наоѓа. Наведе и дека во нивните искази сослушаните сведоци кажале дека движејќи се кон црквата не сретнале ниту едно лице по патот или во близина на оџакот од трпезаријата, што одело во прилог на тоа дека сведокот [redacted] исто така не бил присутен.

Побара трошоци по приложен писмен трошковник.

Адвокатот пак [redacted] од Прилеп како друг бранител на обвиентиот, во неговиот завршен збор наведе дека се приклучува кон завршниот збор на неговиот колега, додавајќи дека обвинението било поддржано во целост со неквалитетни докази, од кои дел и незаконито прибавени и дека повторената постапка само го потврдило тврдењето на одбраната дека сведоците не ја говорат вистина – посебно сведокот [redacted] кој првично криел дека е во лоши односи со обвинетиот, а потоа произлегло дека имал мотив за да ги изнесе овие тендециозни обвинувања кон обвинетиот. Наведе и дека од друга страна, сведокот [redacted] во текот на целата постапка бил конфузен и нејзасен, преопшт и тендециозен, со очевидна намера да му наштети на обвинетиот, за разлика од сведоците на одбраната кои биле јасни, концизни и кои се надополнувале со себе, нагласувајќи дека во овој случај треба да се примени правниот инситут надвор од разумно сомневање онака како што е предвидено чл.403 и чл.4 од ЗКП, предлагајќи обвинетиот да биде ослободен од вина.

Побара трошоци, по приложен писмен трошковник.

Обвинетиот [redacted], во неговиот завршен збор наведе дека се приклучува кон завршните зборови на неговите бранители.

На одржаната усна, јавна и главна расправа судот ги провери наводите од обвинителниот предлог, изведувајќи ги предложените докази со директно испитување на сведокот [redacted] од страна на застапникот на обвинението и негово вкрстено испитување од страна на бранителите на обвинетиот, со директно испитување на сведоците [redacted] и [redacted] од страна на бранителите на обвинетиот, со читање на исказот на сведокот [redacted] даден на записник од 25.04.2018 година и 10.12.2019 година, исказот на сведокот [redacted] даден на записник од 25.04.2018 година и 13.02.2020 година, исказот на вештото лце [redacted] даден на записник од 25.04.2018 година и исказот на сведокот [redacted] даден на записник од 26.06.2018 година, со читање на вештиот наод и мислење од вештото лице [redacted], на обдукциониот наод од ветеринарна амбуланта „Медика Вет-Р" од Кавадарци, со увид во 15 фотогорафии во боја, со читање на извод од КЕ на име на обвинетиот од 27.03.2018 година на Основен суд Прилеп, со читање на известување бр.29.5.3-04/169 од 20.03.2018 година, на известување бр.29.5.3-04/1643 од 24.11.2017 година и двете на МВР-ПС Прилеп и со увид во фотографија која според наводите од одбраната е од местото на настанот, со читање на пресуда К.бр.134/16 на Основен суд Прилеп во фотокопие, правосилна од 07.11.2017 година, како и со директно испитување на обвинетиот [redacted] од страна на неговиот бранител и негово вкрстено испитување од страна на полномошникот на оштетениот, па по оценката на секој од доказите посебно и на сите заедно како една целина, ја утврди следната **фактичка состојба**:

Обвинетиот [redacted] е досега неосудувано лице на возраст од 76 години, кое живее во Прилеп, а е сопственик на шума лоцирана во с.Царевиќ. Истиот е во лоши односи со сведокот [redacted] од Прилеп, кој поради кражба на зелени дабови огревни дрва од шумата на обвинетиот извршена во временскиот период од 01.02.2016 година до 08.02.2016 година, со пресуда К-134/16 од 27.01.2017 година на Основен суд Прилеп – правосилна од 07.11.2017 година, огласен е за виновен и осуден на казна затвор. Пресудата е донесена по поднесеното обвинение на Основното јавно обвинителство Ко.бр.152/16 од 07.04.2016 година.

Неколку месеци по поднесувањето на обвинението против сведокот [redacted] поради кражбата на дабови огревни дрва од шумата на обвинетиот [redacted], односно на ден 08.11.2016 година околу 8,30 часот, обвинетиот [redacted] заедно со сведоците [redacted] и [redacted], како и лицето [redacted] од Прилеп, со

патничко моторно возило „Форд Транзит“ управувано од сведокот [redacted] од Прилеп, отишол во с.Царевиќ во врска со прославата на празникот „Митровден“ во црквата „Св.Димитрија“ во истото село.

Член на црковниот одбор во црквата „Св.Димитрија“ во тој период бил сведокот Жарко Колески, додека домаќин на прославата во црквата „Св.Димитрија“ таа 2016 година бил оштетениот [redacted] од Прилеп, кој тогаш бил сопственик и на три кучиња, од кои едното мелез од расата „Шарпланинец“ од женски пол, старо околу 3-4 години, со сиво-црна боја на влакното и тешко околу 50 килограми, другото исто така мелез од расата „Шарпланинец“, но од машки пол, старо околу 3 години, со кремасто-бела боја на влакното и тешко околу 50-60 килограми, а третото ловечко куче мелез од расата „Загар“ од машки пол, со црно-кафеава боја на влакното и со бело поле на градите, старо околу 1 година и 3 месеци, а тешко околу 15 килограми.

По пристигнувањето во наведеното време, сведокот [redacted] го паркирал патничкото моторно возило пред с.Царевиќ, на растојание од околу 80-100 метри од црквата „Св.Димитрија“, а обвинетиот [redacted] заедно со останатите лица - сведоците [redacted] се симнале од возилото, во чија близина во тоа време се наоѓало ловечкото куче на оштетениот од расата „Загар“. Потоа, петмината како група започнале да се движат кон црквата во селото каде што требало да се одржи верски празничен обред. Сите членови на групата кон црквата се движеле заедно, а дел од нив носеле торби со себе, вклучувајќи го и обвинетиот кој носел црна торба.

По пристигнувањето пред црквата, обвинетиот заедно со останатите членови од групата влегле во црквата, учествувајќи во верскиот обред по повод верскиот празник, каде што обвинетиот [redacted], а и сведокот [redacted] како член на црковниот одбор, имале свои задолженија во врска со тоа и во црквата останале до крајот на верскиот обред, за време кој што за прв пат го забележале сведокот [redacted] откако пристигнале во с.Царевиќ.

По завршувањето на верскиот обред околу 10,00 часот и излегувањето на присутните надвор од црквата, кучето „Шарпланинец“ на оштетениот од женски пол веќе покажувало знаци на затруеност – тресење и исфрлање пена на устата, поради што дел од присутните му укажувале помош давајќи му шербет, но кучето набрзо угинало.

Ловечкото куче на оштетениот од расата „Загар“, било пронајдено угинато со знаци на труење околу 15,00 часот истиот ден, по завршувањето на ручекот во врска со прославата на верскиот празник, на местото каде што претходно било паркирано возилото на сведокот [redacted], а кај кое кратко време пред 15,00 часот, од страна на дел од лицата во групата која со возилото „Форд Транзит“ требало да се врати во Прилеп, односно сведоците [redacted] и [redacted], биле забележани траги на труење, односно дека кучето се тетерави.

Во текот на наредниот ден 09.11.2018 година во утринските часови, угинало и кучето на оштетениот „Шарпланинец“ од машки пол, откако претходно утрото околу 07,00 часот оштетениот го забележал истото кај портата од црквата „здраво и весело“ и кое по кратко време се вратило со пена на устата, по што веднаш угинало.

По пронаоѓањето на кучето „Шарпланинец“ од машки пол, оштетениот на 09.11.2016 година повикал доктор по ветеринарна медицина – Д-р [redacted] од Кавадарци, кој истиот ден извршил увид на лице место во с.Царевиќ и извршил обдукција на кучето „Шарпланинец“ од машки пол, но не и на останатите две кучиња кои угинале претходниот ден. По извршената обдукција на кучето, истиот утврдил дека трите кучиња на оштетениот се отруени со отров „Ланате“, ставен во колбаси-кремвиршли како мамец. Од моментот на конзумирањето на наведениот отров до угинувањето на кучињата или животните кои го конзумирале, поминуваат 5-10 минути, а најмногу 15 минути, односно истот отров брзо се ресорбира во крвта и брзо предизвикува нервни симптоми на труење.

Истиот ден, а пред извршувањето на обдукцијата, Д-р [redacted] остварил телефонски разговор со дежурното службено лице во ПС Прилеп, кое што притоа му укажало дека сопственикот на кучињата, односно оштетениот кој претходно побрал да дојде и службено лице од ПС Прилеп, со писмената документација од извршена обдукција може дополнително да појде во ПС Прилеп.

Вавкиот настан со труење на наведените кучиња, во ПС Прилеп е пријавен дури на ден 16.11.2016 година и тоа од страна на сопругата на оштетениот – лицето [redacted], со забелешка дека истиот се случил на ден 08.11.2016 година, која при пријавувањето на настанот не посочила никаков можен сторител.

Вредноста на сите три угинати кучиња на оштетениот е вкупно 47.000,00 денари.

Предвид на вака утврдената фактичка состојба, судот одлучи како во изреката на пресудата поради следните **причини**:

Сторител на кривичното дело „Мачење животни" од чл.233 ст.1 од Кривичниот законик е тој што грубо злоупотребува животно или го изложува на непотребни маки или му нанесува непотребни болки или заради изживување го изложува на страдање. За истиот е предвидена парична казна или казна затвор до 1 година.

Според обвинителниот предлог, обвинетиот [redacted] на 08.11.2016 година во атарот на с.Царевиќ фрлил храна премачкана со отров „Ланате", од која храна јаделе трите кучиња на оштетениот и по кратко време појавиле симптоми на труење изразени во облик на тресење, беспомошност и испуштање на пенлив исцедок од устата, кои потоа и угинале или починале како што е наведено во обвинението.

Судот смета дека ваквите наводи од обвинението, не произлегоа со сигурност од предложените и изведени докази на главната расправа, односно не се докажа надвор од разумно сомневање дека токму обвинетиот [redacted] е лицето кое со фрлање на храна премачкана со отров „Ланате", предизвикало симптоми на труење кај кучињата, кое потоа довело до нивно угинување.

Пред се, на тоа укажуваат повеќе противречности помеѓу исказите на оштетениот [redacted] и сведоците [redacted] и [redacted], како и дел од писмените докази.

Имено, еден од сведоците кои во своите искази на главната расправа, го посочија обвинетиот како лице кое им фрлало храна на кучињата во критичните време и место, е и сведокот [redacted]. Во својот исказ на главната расправа истиот сведок во врска со ова наведе – „...носеше **торба жолта** под мишката и кога се собраа кучињата им фрлаше нешто од торбата за да ја јадат". Во исказот пак даден на записник пред јавниот обвинител, истиот сведок навел дека групата во која се наоѓал обвинетиот без да прекине со движење стигнала до црквата и влегла во неа заедно, а **попатно обвинетиот исфрлил нешто од џебовите, не споменувајќи никаква торба, кучиња или фрлање на храна**.

Дел од исказот на истиот сведок [redacted], спротивен е и со исказите на оштетените [redacted] и сведокот [redacted]. Според сведокот [redacted] по завршувањето на прославата на верскиот празник и по заминувањето на гостите, на местото каде што претходно се наоѓало возилото со кое групата на обвинетиот и на дел од сведоците дошла до с.Царевиќ, забележал куче од расата „загар" кое било паднато и кое веднаш потоа било однесено во дворот на оштетениот за да му се помогне. Од вака дадениот исказ на сведокот [redacted], произлегува дека во моментот кога го забележал кучето „загар" истото било сеуште живо – паднато куче на кое потоа му била укажувана помош. Но, оштетениот [redacted] и сведокот [redacted] во нивните искази категорично наведоа дека во моментот кога на тоа место го забележале кучето „загар" тоа веќе било угинато, со пења на устата, без притоа да наведат дека истото било однесено кај оштетениот и дека му била укажана помош.

Покрај ваквите противечности, веродостојноста на исказот на сведокот [redacted] се доведува во прашање и со дел од исказот на сведокот [redacted] кој неспорно е дека е член на црковниот одбор во црквата „Св.Димитрија" во наведеното село. Во исказот на главната расправа, сведокот [redacted] наведе дека во време додека гледал како групата во која се наоѓал обвинетиот се симнува од возилото и се движи кон црквата, истиот се наоѓал пред оџакот од мензата на црквата. Сведокот пак [redacted] во врска со можноста сведокот [redacted] од наведеното место да ги види таквите активности на обвинетиот и останатите во групата, во неговиот исказ категорично наведе – „... ако се застани до оџакот, местото каде што беше паркирано комбето и комбето неможат да се видат." Исто така, за разлика од сведокот [redacted] кој како што е наведено погоре, на главната распрва потенцираше дека обвинетиот носел жолта торба за време на настанот, сведоците [redacted]

[redacted] и [redacted] категорично наведоа дека торбата која ја носел обвинетиот била со темна боја – сведокот [redacted] тегет или црна, а сведокот [redacted] црна.

Како лице кое им фрлало храна на кучињата во критичните време и место, обвинетиот беше посочен и од страна на сведокот [redacted], кој несомнено е дека е во лоши односи со обвинетиот и кој неколку месеци пред конкретниов кривично правен настан, односно во временскиот период од 01.02.2016 година до 08.02.2016 година одзел одредена количина на дабови огревни дрва од шумата на обвинетиот, за што видно од пресудата К-134/16 од 27.01.2017 година на Основен суд Прилеп правосилно бил осуден на казна затвор, по обвинение на Основното јавно обвинителство Ко.бр.152/16 од 07.04.2016 година.

Покрај ваквата состојба на односите помеѓу сведокот [redacted] и обвинетиот [redacted] и спротивните категорични наводи од исказите на сведоците [redacted], [redacted] и [redacted], кои од симнувањето од возилото па се до влегувањето во црквата биле во непосредна близина на обвинетиот, на неверодостојноста на наводите од исказот на сведокот [redacted] кои се однесуваат на суштински прашања во конкретниот случај – фрлање на затруена храна од страна на обвинетиот во критичните време и место, укажуваат и одредени противречности во исказот на сведокот [redacted] даден на главната расправа и неговиот исказ даден на записник пред јавниот обвинител. На прашање кога му кажал на оштетениот [redacted] дека видел како обвинетиот нешто им фрлал на кучињата, сведокот [redacted] на главната расправа наведе дека тоа го направил по завршувањето на церемонијата во црквата, односно после 15,00 часот истиот ден по заминувањето на гостите. На записник пак пред јавниот обвинител, истиот сведок во однос на тоа кога му кажал на оштетениот за фрлањето на храна од страна на обвинетиот, навел – „но, тоа не сакав тој ден да му го кажам на [redacted] за да не се направи проблем, а наредниот ден кога го најдовме и третото куче, му кажав на [redacted] дека јас лично видов како осомничениот им фрла нешто на кучињата."

Во контекст на претходно наведените противречности во однос на тоа кога на оштетениот му било кажано дека обвинетиот [redacted] е тој што ги отрул неговите кучиња, треба да потенцираат и одредени противречности во исказот на оштетениот во врска со тоа прашање. Одговорајќи на прашање дали кога му ја соопштиле веста дека обвинетиот ги отрул кучињата истиот бил присутен, оштетениот во неговиот исказ наведе – „ Да, Петре беше тука во црквата...", што е во спротивност со исказот на сведокот [redacted] во двете негови верзии и тоа како исказот даден на главната расправа, така и исказот даден пред јавниот обвинител. Како што е наведено погоре, сведокот [redacted] на главната расправа наведе дека за фрлањето на храна од страна на обвинетиот, го известил оштетениот после 15,00 часот, односно по заминувањето на гостите, што значи несомнено во време кога обвинетиот веќе бил заминат од местото, чие време на заминување неспорно се утврди од исказите на сите сведоци и оштетениот.

Останатиот дел од одговорот на оштетениот на прашањето дали обвинетиот бил присутен кога му ја соопштиле веста дека истиот ги отрул кучињата, спротивен е пак на дел од изведените писмени докази, што исто така укажува на неверодостојноста на исказот на оштетениот. Во посочениот дел од одговорот оштетениот [redacted] наведе – „... а за овој настан што погоре го кажав, јас пријавив во полиција истиот ден и тогаш го пријавив [redacted] како можен сторител." Од наведениот интегрален одговор на оштетениот, произлегува дека настанот со труењето на кучињата го пријавил во ПС Прилеп истиот ден 08.11.2018 година и дека притоа го посочил обвинетиот [redacted] како можен сторител. Но истото е во спротивност со писменото рег.бр.29.5.3-04/1643 од 24.11.2017 година на СВР Битола ПС-ОН Прилеп, како и известувањето на ПС Прилеп бр.29.5.3-04/19 од 20.03.2018 година, од кое се утврди дека настанот со труење на кучиња, во ПС Прилеп бил пријавен на ден 16.11.2016 година од страна на сопругата на оштетениот [redacted], со забелешка дека настанот се случил на ден 08.11.2016 година, како и дека при пријавувањето на настанот истата не посочила можен сторител. Нејасно е зошто при евентуални сигурни сознанија дека дејствијата на труење на кучињата ги презел обвинетиот [redacted], кои оштетениот наведе дека ги добил уште истиот ден 08.11.2016 година, настанот е пријавен 8 денови подоцна и тоа од страна на сопругата на оштетениот, која притоа не посочила никаков можен сторител.

Тоа дека наводите од исказот на оштетениот дека настанот во ПС Прилеп го пријавил уште истиот ден, не треба да се прифатат како веродостојни, произлегува и од обдукциониот наод и мислење на докторот по ветеринарна медицина Д-р [redacted] од Кавадарци, од кој што покрај причините за угинувањето на трите кучиња, недвосмислено се утврди и дека обдукцијата е извршена на 09.11.2018 година и тоа само на кучето „Шарпланинец" од машки пол кое што угинало истиот ден во утринските часови, по што од страна на оштетениот бил повикан ветеринарниот доктор и било побарано да дојде службено лице од полицијата. Од содржината на обдукциониот наод и мислење произлегува дека обдуцентот истиот ден остварил телефонски разговор со дежурното службено лице во ПС Прилеп, од каде што му било укажано дека сопственикот на кучињата со писмената документација од извршена обдукција, може дополнително да појде во ПС Прилеп.

Фактот дека кучето „Шарпланинец" од машки пол угинало наредниот ден на 09.11.2016 година, се потврди и од исказите на оштетениот [redacted] и сведокот [redacted]. Во врска со ова мошне индикативен е исказот на оштетениот, кој јасно и категорично наведе дека во утринските часови на 09.11.2016 година, го забележал кучето пред портата од црквата „здраво и весело", за по кратко време истото да го забележи со пења на устата и угинато. Ако се има во предвид времето на делување на отровот „Ланате", наведено во усниот наод и мислење на вештото лице Д-р [redacted] даден на главната расправа, според кој **од моментот на конзумирање на истиот отров до угинувањето на кучињата поминуваат 5-10 минути, а најмногу 15 минути по неговото конзумирање**, јасно е дека кучето отровот можело да го конзумира кратко време пред неговото угинување, најрано до моментот кога во утринските часови на 09.11.2016 година било забележано од страна на оштетениот.

Неспорно е дека по извршената обдукција на кучето „Шарпланинец" од машки пол кое угинало на ден 09.11.2016 година, вештото лице медицина Д-р [redacted] утврдил дека истото било отруено со отров „Ланате", ставен во колбаси-кремвиршли како мамец, но и дека е на мислење дека со ист отров биле отруени и останатите две кучиња кои угинале претходниот ден, а врз кои не била извршена обдукција.

Но, претходно наведеното дека од моментот на конзумирање на отровот „Ланате" до угинувањето на кучињата поминуваат 5-10 минути, а најмногу 15 минути, несомнено ја проблематизира причинско-последичната врска на дејствие на фрлање на затруена храна на ден 08.11.2016 година во утринските часови и угинувањето на кучето „Шарпланинец" наредниот ден. Ова дури и во случај кога од изведените докази со сигурност би се утврдило дека обвинетиот или било кој друг сторител презел такво дејствие во наведеното време, кое пак не се докажа со сигурност од изведените докази во текот на постапката.

Во поткрепа на погоре наведената утврдена фактичка состојба се и категоричните и јасни искази на сведоците [redacted], [redacted] и [redacted], од чии искази неспорно се потврдија и временските и просторни околности на настанот, како и учесниците во истиот настан.

Предвид на сето претходно наведено, судот утврди дека од изведените докази во текот на главната расправа не се докажа надвор од разумно сомневање дека обвинетиот [redacted] од Прилеп го сторил кривичното дело „Мачење животни" од чл.233 ст.1 од Кривичниот законик за кое се обвинува, поради што согласно на чл.403 ст.1 т.3 од Законот за кривична постапка одлучи како во изреката на пресудата и го ослободи обвинетиот од обвинението за наведеното кривично дело.

При донесувањето на одлука, судот ги ценеше и им поклони верба на писмените докази изведени во текот на главниот претрес, како на писмена издадени во пропишана форма, во официјална постапка, од надлежен орган и од надлежни службени лица во границите на нивните овластувања и работни задачи.

Со оглед на тоа што се работи за обдукционен наод и мислење и писмени и усни вешт наод и мислење изготвени од страна на стручни лица со соодветно стручно образование и професионално искуство, судот по оценката им поклони верба на обдукциониот наод и мислење на вештото лице Д-р [redacted], со исклучок на делот кој се однесува на проценката на вредноста на угинатите кучиња, како и на писмениот и

устен вешт наод и мислење на вештото лице Д-р [redacted].

Освен во деловите кои се однесуваат на просторните и временските околности на настанот и дел од лицата, вклучувајќи го и обвинетиот со неговата група, кои биле присутни на прославата на верскиот празник, судот од причини наведени погоре во образложението не им поклони верба на исказот на оштетениот [redacted] како сведок и на сведоците [redacted] и [redacted].

Оценувајќи ги истите како јасни и категорични искази, чии наводи најдоа поткрепа и во дел од изведените писмени докази, судот по оценката им поклони верба и на исказите на сведоците [redacted], [redacted] и [redacted].

Имајќи го во предвид тоа што во поголем дел од нивната содржина истите се совпаѓаат со фактичката состојба утврдена врз основа на изведените докази, судот по оценката ги прифати завршните зборови на бранителите на обвинетиот – адвокатите [redacted] и [redacted].

Согласно на чл.103 во врска со чл.106 ст.1 од Законот за кривична постапка, судот одлучи трошоците на постапката во вкупен износ од 148.800,00 денари да паднат на товар на Буџетот на РМ.

Износ од 5.000,00 денари од вкупната сума, се однесува на име награда за вештото лице Д-р [redacted], додека износ од 79.300,00 денари се однесува на име награда за бранителот на обвинетиот – адвокат [redacted] и тоа износ од по 6.500,00 денари за две одбрани на главна расправа и состав на образложен поднесок, со основица од 5.000,00 денари и зголемување од 30% на име паушал, износ од 10.400,00 денари за една одбрана на главна расправа, со основица од 5.000,00 денари, зголемување од 20% на име сатнина за три часа и зголемување од 30% на име паушал, износ од по 9.100,00 денари за две одбрани на главна расправа, со основица од 5.000,00 денари, зголемување од 20% на име сатнина за два часа и зголемување од 30% на име паушал, како и износ од по 7.800,00 денари за четири одбрани на главната расправа, со основица од 5.000,00 денари, зголемување од 20% на име сатнина за еден час и зголемување од 30% на име паушал.

Износ пак од 63.700,00 денари, се однесува и на награда за другиот бранител на обвинетиот – адвокат [redacted] и тоа износ од по 6.500,00 денари за две одбрани на главната расправа и состав на приговор, со основица од 5.000,00 денари и зголемување од 30% на име паушал, износ од 10.400,00 денари за една одбрана на главна расправа, со основица од 5.000,00 денари, зголемување од 20% на име сатнина за три часа и зголемување од 30% на име паушал, износ од по 9.100,00 денари за две одбрани на главна расправа, со основица од 5.000,00 денари, зголемување од 20% на име сатнина за два часа и зголемување од 30% на име паушал, како и износ од по 7.800,00 денари за две одбрани на главната расправа, со основица од 5.000,00 денари, зголемување од 20% на име сатнина за еден час и зголемување од 30% на име паушал.

Согласно на чл.114 ст.3 од Законот за кривична постапка, судот го упати на спор оштетениот [redacted] од Прилеп за остварување на имотно правното барање.

ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП.

Записничар, [redacted]

С у д и ј а, [redacted]

ПРАВНА ПОУКА: Рок за жалба 15 дена по приемот на пресудата, преку овој суд, до Апелациониот суд во Битола.

З.К.

Д-но: ОЈО Прилеп, обвинет, бранители, полномошник на оштетен.

К-242/19

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА!

Основниот суд во Прилеп, од судијата [redacted], со записничарот [redacted], постапувајќи по предлогот за издавање казнен налог Ко.бр.215/19 од 18.04.2019 година на ОЈО-Прилеп, поднесен против обвинетиот [redacted] од с.Селце - Прилеп, за кривично дело „Мачење животни" од чл.233 ст.1 в.в. со чл.22 од Кривичниот Законик, на ден 10.07.2019 година, ја изрече следната:

П Р Е С У Д А

ОБВИНЕТИОТ:
[redacted] од татко [redacted] и мајка [redacted], роден на 05.08.1991 година во Прилеп, а живее во с.Селце, Македонец, државјанин на РСМ, невработен, неженет, писмен со завршено средно образование, средноимотен, осудуван, не се води постапка за друго кривично дело, со ЕМБГ [redacted].

В И Н О В Е Н Е

ЗАТОА ШТО:
На ден 04.02.2019 година околу 14,00 часот, на авто плац лоциран на непозната адреса во Гостивар, заедно со уште едно НН лице откако претходно меѓусебно се договориле, заради изживување, изложиле на страдање и непотребни маки две кучиња од кои едно НН раса викано „Акира" а другото од расата „Пит Бул" викано „Смајла" двете од НН сопственост, на начин што ги внесле двете кучиња во заграден простор и започнале да ги бодрат со што поттикнале борба меѓу нив со што и двете кучиња ги изложиле на страдање и непотребни маки.

Со наведените дејствија обвинетиот сторил кривично дело „МАЧЕЊЕ ЖИВОТНИ" од чл.233 ст.1 в.в. со чл.22 од Кривичниот Законик, согласно на кој пропис како и на одредбите од чл. 4, 7, 11, 32, 33, 34, 39, 48, 49 и 50 од КЗ, в.в. со чл.499 од ЗКП, МУ СЕ ИЗДАВА КАЗНЕН НАЛОГ И МУ СЕ ИЗРЕКУВА

У С Л О В Н А О С У Д А

НА ОБВИНЕТИОТ МУ СЕ УТВРДУВА казна затвор во траење од 3/три/ месеци, која нема да се изврши доколку во рок од 1 - една година не стори ново кривично дело.

СЕ ЗАДОЛЖУВА обвинетиот да плати паричен износ од 2.000,оо денари на име кривичен паушал во корист на буџетската сметка број 100000000063095, на уплатната сметка број 2901000884631 17, на приходната сметка број 724132-20, во корист на буџетските средства а во рок од 15 дена по

правосилноста на пресудата.

Образложение

ОЈО-Прилеп до овој суд поднесе предлог за издавање казнен налог Ко.бр.215/19 од 18.04.2019 година против обвинетиот [redacted] од с.Селце за кривично дело „Мачење животни" од чл.233 ст.1 в.в. со чл.22 од Кривичниот Законик а за дејствијата како што се опишани во изреката на оваа пресуда, а согласно чл.497 ст.1,2 и 3 од Законот за кривична постапка.

Судот постапувајќи по поднесениот предлог за издавање на казнен налог откако ги разгледа предложените докази од страна на ОЈО-Прилеп и тоа: исказот на сведокот Христијан Ристески, потврда за привремено одземени предмети од 05.02.2019 година на МВР ПС Прилеп, еден плав плик со ознака Ку.302/19 во кој се наожа еден мобилен телефон марка „Самсунг" со ИМЕИ 1 359237090021804/1 и ИМЕИ 2 359238092221802/01 и листа од казнена евиденција на име на обвинетиот издадена од Основен суд Прилеп, утврди дека истите го оправдуваат издавањето на казнениот налог.

Предвид на горенаведеното а согласно чл.499 од ЗКП, судот одлучи како во изреката на пресудата при што на обвинетиот за стореното кривично дело му изрече условна осуда.

Одлуката за трошоците судот ја донесе согласно чл.105 ст.1 од ЗКП при што го задолжи обвинетиот на име кривичен паушал да плати паричен износ од 2.000,оо денари.

Записничар, Судија,

[redacted] [redacted]

ПРАВНА ПОУКА: Обвинетиот има право да поднесе приговор против оваа пресуда во писмена форма или усно на записник во судот во рок од 8 дена од денот на приемот на пресудата, до Основниот суд Прилеп.Доколку обвинетиот не поднесе приговор во определениот рок пресудата ќе стане правосилна.

СБ/

**Д-но на:**
**- ОЈО Прилеп**
**- обвинет**

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА!

ОСНОВНИОТ СУД ВО ПРИЛЕП и тоа судијата [redacted] со записничарот [redacted], постапувајќи по предлогот за издавање казнен налог Ко.бр.170/19 од 28.03.2019 година на Основното јавно обвинителство Прилеп, поднесен против обвинетиот [redacted] од с.Црнилиште-Општина Долнени , за кривично дело „Мачење животни" од чл.233 ст.1 од Кривичниот законик, на ден 25.06.2019 година ја изрече следната:

П Р Е С У Д А

ОБВИНЕТИОТ:
[redacted] , од татко [redacted] и мајка [redacted], роден на ден 24.07.1998 година во Прилеп а живее во с. Црнилиште –Општина Долнени, Албанец, државјанин на РСМ, вработен во приватна фирма, неженет, писмен со завршено средно образование, средноимотен, неосудуван, не се води постапка за друго кривично дело, со ЕМБГ [redacted].

В И Н О В Е Н Е

ЗАТОА ШТО:
На ден 08.02.2019 година околу 16,00 часот во место викано ,, Гробишта" ,атар на село Црнилиште – Општина Долнени му нанесол непотребни болки, а потоа и смрт на куче од расата ,, шарпланинец " сопственост на оштетениот [redacted] од с.Црнилиште –Општина Долнени на начин што додека се движел со ПМВ марка ,, Рено" по патот кој водел кон селската депонија, застанал со возилото и преку прозорецот од возачката врата со воздушна пушка марка ,,МАСН 1" со фабрички број US9863741B2 испукал во кучето во пределот на градите од левата страна, како последица на што кучето се тетеравело десетина минути после што настанала смрт.

Со наведените дејствија обвинетиот го сторил кривичното дело „МАЧЕЊЕ ЖИВОТНИ" од чл.233 ст.1 од Кривичниот законик на РМ, согласно на кои одредби, како и на одредбите од чл. 4, 7, 11, 32, 33, 34, 35, 39, 48, 48-а, 49 ст.1 и чл.50 од истиот законик, а во врска со чл.499 од Законот за кривична постапка, МУ СЕ ИЗДАВА КАЗНЕН НАЛОГ И МУ СЕ ИЗРЕКУВА АЛТЕРНАТИВНА МЕРКА

У С Л О В Н А О С У Д А

НА ОБВИНЕТИОТ ВАЉДЕТ [redacted] МУ СЕ УТВРДУВА КАЗНА ЗАТВОР ВО ТРАЕЊЕ ОД 3 /ТРИ/ МЕСЕЦИ, која што нема да се изврши доколку истиот во рок од 1 /ЕДНА/ ГОДИНА не стори ново кривично дело.

СЕ ЗАДОЛЖУВА обвинетиот на име кривичен паушал да плати паричен износ од 1.500,00 денари на буџетска сметка број 100000000063095, сметка на буџетски корисник 2901000884631-17 и приходна шифра 724132-20, - во рок од 15 дена по правосилноста на пресудата.

СЕ УПАТУВА НА СПОР оштетениот [redacted] од с.Црнилиште-Општина Долнени за остварување на своето имотно правно барање.

СЕ ОДЗЕМА од обвинетиот една воздушна пушка марка „MACH 1" со фабрички број US9863741B2, - согласно чл.100-а ст.2 од Кривичниот законик.

О б р а з л о ж е н и е

Основното јавно обвинителство Прилеп, до овој суд поднесе предлог за издавање на казнен налог Ко.бр. 170/19 од 28.03.2019 година, против обвинетиот [redacted] од с.Црнилиште – Општина Долнени, за кривично дело „Мачење животни" од чл.233 ст.1 од Кривичниот законик.

Постапувајќи по поднесениот предлог за издавање на казнен налог, судот ги разгледа предложените докази од страна на Основното јавно обвинителство Прилеп и изврши увид во записник за предавање на пронајдени- одземени предмети КУ.бр.246/19 од 12.02.2019 година, потврда за привремено одземање предмети од 08.02.2019 година на ПС Прилеп, воздушна пушка марка ,, MACH 1 " со фабрички број US9863741B2, листа од казнена евиденција на име на обвинетиот издадена од Основен суд Прилеп.

Од предложените докази судот констатира дека истите се доволна основа за издавање на казнен налог, поради што согласно на чл.499 од Законот за кривична постапка се согласи со предлогот на ОЈО Прилеп и одлучи како во изреката на оваа пресуда, го огласи обвинетиот за виновен и му изрече алтернативна мерка условна осуда, сметајќи дека со закана за казна ќе се постигне целта на казнувањето, односно дека алтернативната мерка поправно и воспитно ќе делува како на обвинетиот, така и на средината во која живее, во иднина да не се вршат вакви и слични кривични дела.

Одлуката за трошоците судот ја донесе согласно на чл.105 ст.1 од Законот за кривична постапка и го задолжи обвинетиот на име кривичен паушал да плати износ од 1.500,00 денари.

Согласно чл.100-а ст.2 од Кривичниот законик судот донесе одлука за одземање на предмет – воздушна пушка марка „MACH 1" со фабрички број US9863741B2.

ОСНОВЕН СУД ВО ПРИЛЕП, на ден 25.06.2019 година.

Записничар, [redacted]

С у д и ј а, [redacted]

ПРАВНА ПОУКА:Обвинетиот има право да поднесе приговор против оваа пресуда, во писмена форма или усно на записник во судот, во рок од 8 дена од денот на приемот на пресудата, до Основниот суд Прилеп. Доколку во определениот рок обвинетиот не поднесе приговор, пресудата ќе стане правосилна